# ДУРАЦОВСКИ

народен музеј струга

# ДИМИТРИЕ ДУРАЦОВСКИ

14 VI – 30 VI 1985



8 (ДЕТАЛ)

## *МЕНТАЛНИТЕ КОЛАЖИ НА ДУРАЦОВСКИ*

*Дејствувањето на Димитрие Дурацовски (1952 година) е недоволно познато во нашата средина, барем не во неговата целосност, што е резултат делумно на уметниковата природа и карактерот на неговото создавање. Станува збор за осамен, интелектуално љубопитен уметник кој во стремежот за формирање поцелосна визија за светот ги користи изразните сретства и можности на сликарството, цртежот и пишаниот збор. Специфичноста на секој одделен медиум донесува различност на обработените содржини, што се надополнуваат, но низ кои се проткајуваат и некои заеднички елементи.*

*Мислата е всушност прва и внатрешна осмислувачка содржина во делата на Дурацовски, која на некој начин ги дообликува во нашата свест. Основната тема ја пронаоѓаме во свртеноста и испитувањето на таинствените простори на човековиот дух каде не ретко се допира или брише границата меѓу реалното и фантастичното, можното и неможното, рационалното и ирационалното. Пластичната формулација и организација на творбите како и нивниот иконографски слој се условени и поставени во функција на доловување, како сугестија и насетување на недофатливите иреални простори на поствесното. Така, реалната форма во неговите платна, решавани како фигуративни композиции во класичен декор со крајно поедноставени форми и редуциран хроматизам, добива некаде карактеристики на визуелно образлагање, па и означување на оностраното, недефинираното. Иреалниот „штимунг“ на целината произлегува од распоредот и соодносот на елементите во делото (фигуративни и знаковни), на светло-темните ефекти. Метафизичката статичност на „атмосферата“, обезличеноста на физиономиите, прецизно одредените „засонувани“ ликови, често претставени одзади, и така неодредливи, упатуваат на свртеност кон внатрешните простори на духот.*

*Предметот сугерира постоење на друга стварност, што на свој начин го открива немирот на модерната свест, тегобноста пред непознатото. Во платната на Дурацовски, со илузионистички кулисно решаван простор и куклести фигури, провејува некаква „пасеистичка меланхолија“ и здржана експресија. Затоа, една негова слика е наречена Академиа Медиала.*

*Дурацовски следи сосема издвоена, традиционална линија во сликарството (од 1975. година), недопирнат од тековите на современата уметност, што е невообичаено, но и разбирливо, кога се имаат предвид неговите севкупни настојувања. Особено кога станува збор за неговите цртежи комбинирани со текст, разни забелешки, теоретски и литерарни разгледувања. Тие, како и платната, претставуваат своевиден омаж на Леонид Шејка, значаен теоретичар на поранешната белградска група Медиала, развивајќи некои аспекти од нејзината идеологија и уметност, како што е тежнението кон интегралното и фантастичното. Оттука, афинитетот за теоретски објасненија го упатува Дурацовски на користење на определени елементи, како метод и сознанија, од надреализмот и психоанализата. Во творбите од 1978 година, како и од последните неколку години, наречени Опера Диаболи, рационалното е помирено со интуитивното, егзактното со емоционалното, ликовното со теоретското, делот со целината некаде се допираат уметноста и науката.*

*Цртежот (портрети, ликови, актови, и тн.) е спонтан и немирен, комбиниран со симболи, визуелни знаци и текстуални објасненија, што на творбите им даваат извесна енигматичност и белези на некаква „визуелна филозофија“.*

*Карактеристичните, утописки предлози и обиди за создавање нова и поинаква синтеза со искуствата и сознанијата на старото и новото ги среќаваме и во овие цртежи — „ментални колажи“ на Дурацовски. Ако е медиалното, посредничко сликарство (уметност) „момент на деполаризација и обезграничување“ делата на нашиот уметник тоа го потврдуваат со помирување на спротивностите (филозофијата на негативитетот и позитивитетот) и барањето свој Ред на нештата.*

*Психологијата на двојник, или замена на вистинската личност, се појавува, како лајтмотив, и во создавањето на Дурацовски. Таинствената личност на Устијан Шобаноф, како тема, поприма општи својства изразувајќи се во разни форми и содржини. Во неколку текстови (Проект „идентификации“, Борхес и јас, објавени во Билтенот на автори — Шамон, потоа Писмо на Леонид Шејка, Поминувам ли јас?, расказите, инаку наградени во весникот „Нова Македонија“, Мобиусова лента и Хемиска свадба и тн.) Дурацовски на аналитичен начин, користејќи некои искуства на концептуализмот и југословенската „Нова уметничка практика“, ја разработува својата медиална филозофија и митологија. Во нив тој ги допира сферите на езотеричното, карактеристичната „(ал)хемија за уметноста“, проткајувањето на минатото и сегашноста, ирационалното и „окултното“, намалување на јазот меѓу Јас и Ти, субјективното и објективното, случајот и правилото . . . Можеби некаков „клуч“ на Тајната може да се насети преку (можниот) одговор: „Јас, тоа е некој друг“ или, да го цитираме самиот Дурацовски, кој ќе напише: „Единствена идентификација која остана надвор од сферата на ликовното, несимулирана и со ништо не поттикната (постоеше само една стара фотографија), беше мојата идентификација со една чудесна лич-*

ност — Устијан (Димитри) Шобаноф, која се појави еден ден како конкретна реалност, за да ја потврди со својата појава вистинитоста за постоење на еден чудесен свет на двојници“

За создавањето на Дурацовски веќе е напишано дека ги допира „. . . амбисите на алтернативната свест . . .“, како и тоа дека претставува еден вид мета-ликовност. Без оглед на тоа со што ќе се сложиме останува чувството на недореченост за авторот, кај нас, но и впечатокот дека се крие нешто над-реално, над-свесно, нешто повеќе и таинствено од она што го гледаме и читаме во овие дела. Тоа е можеби најзначајното во создавањето на Дурацовски, што заедно со неговите контакти со еден Марко Ристиќ, Миро Главуртиќ и други зборува за интересен автор чија рефлексивност и резултати ги надминуваат строго регионалните рамки

*М-р Владимир* ВЕЛИЧКОВСКИ



## ДИМИТРИЕ ДУРАЦОВСКИ

*Роден е 1952 година во Струга. Применета уметност завршил 1975 година во Скопје. Покрај сликарство се занимава со мултимедијални истражувања. Објавува текстови во разни списанија.*

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

*1976. Суботица*
*1978. Скопје, Галерија при Домот нт младите 25 Мај.*
*1982. Нови Сад, Галерија културног центра.*

### КОЛЕКТИВНИ ИЗЛОЖБИ

*1983. Скопје, Критичарите одбраа.*

## КАТАЛОГ

1. МЕБИУСОВА ЛЕНТА
   *масло на платно 98 x 74*
2. МАЛА БЕЛА СЛИКА
   *масло на платно 59,5 x 70*
3. ПЕРФОРМАНС
   *масло на платно, 188 x 133*
4. ПОЛИЕДАР
   *масло на платно, 80 x 100*
5. ОМАЖ ЗА ЛЕОНИД ШЕЈКА
   *масло на платно, 89 x 69*
6. ЗОШТО БОРХЕС
   *масло на платно, 257 x 150*
7. ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН СКРИЕНОТО
   *масло на платно, 100 x 120*
8. АКАДЕМИА МЕДИАЛА
   *масло на платно, 257 x 150*
9. ЗАПАДЕН ПРОЗОР
   *масло на платно,*
10. ФИГУРА ВО ЕНТЕРИЈЕР
    *масло на картон, 86 x 61*
11. ЗОШТО ЈЕЈТС
    *масло на платно, 257 x 150*
12. ОНАЈ
    *масло на платно, 60 x 70*
13. ИНИЦИЈАЦИЈА (ЗНАК)
    *масло на платно, 91 x 65*
14. М. Р.
    *масло на платно, 67 x 55*
15. ТРАНСПОНИРАН ПИЗАНЕЛО
    *масло на платно, 42 x 54*
16. БЕЛИОТ АНГЕЛ
    *масло на платно, 96 x 132*
17. *Цртежи од циклусот*
    ПРЕТПОСТАВКИ И ИДЕНТИФИКАЦИИ



5.





6.



1.



8 (ДЕТАЛ)



11.

*Издавач: Народен музеј — Струга*
*За издавачот: Ристо Танески*
*Предговор: Владимир Величковски*
*Фотографии: Ж. Рафтоски*
*Печатница: „К. Абрашевиќ“ — Охрид*
*Тираж: 200*
*ПЕЧАТЕЊЕТО Е ПОМОГНАТО ОД*
*СИЗ ЗА КУЛТУРА — СТРУГА*